ЦЕНТАР
ЗА КУЛТУРА
И ИНФОРМАЦИИ
СКОПЈЕ

# ФИЛИП ЃОРЃИЕВ

*скулптор од Скопје*

*14 — 26. XI. 1983*



*Филип Ѓорѓиев е роден 1953 година во Кочани.*
*Академија за ликовна уметност завршил во Приштина 1979.*
*Член на ДЛУМ од 1982.*
*Адреса: ул. Хашка 2, Скопје.*

*Во редот на се' побројната млада генерација скулптори, пред кои стојат отворени перспективи за идниот развој и подем на македонската скулптура, го вбројуваме и ФИЛИП ЃОРЃИЕВ (1953), уметник кој е на почетокот на често макотрпниот процес на авторско потврдување и зреење.*

*Она што на прв поглед импонира е сериозниот пристап кон скулптурата кој Ѓорѓиев го надградува со знаењата и техничката постапка стекнати низ академската наобразба како прво искуство. Веројатно како одраз на првичните барања на сопствен израз, кај Ѓорѓиев е воочлив двоен третман на асоцијативно-апстрактната скулптура, при што се забележува разликата помеѓу семантичкото одредување на обликот како плод на уметничката интенција, наспротив неутралниот облик кој се определува во различен повод или контекст. Во првиот случај најчесто се работи за обли форми, своевидни »глобуси«, во чие јадро уметникот »гради« конструкција од метални шипки, нагласувајки дека поентата на збиднувањето е сржта на волуменот, средиштето на нештата, давајки и' на скулптурата симболични обележја. Во процесот на разложувањето на јадрото подеднаков квалитет добива цврстината на целовитиот волумен и архитектониката на вертикалните или хоризонталните пробиви, поврзани во кохерентно единство со комбинацијата на материјалите дрво-метал.*

*Во вториот случај Ѓорѓиев поаѓа од компактноста на масата со неутрален, или асоцијативен облик, која во натамошниот процес на обработка добива структурирани динамизирачки »ребра«, напнати овални линии што ја разбрануваат површ-*

*шината, не нарушувајки ја монолитноста. Забележлив е стремежот за пластичност и обидот да се долови форма ослободена од пренагласени значења.*

*Во основа, во обата случаи гледаме автор со предиспозиција за затворен, заокружен геометризиран облик, со чувство за маса и ритам кои, ослободени од делумните рефлексии на блиските академски поуки, претставуваат потенцијал кој и во иднина може да даде интересни остварувања.*

*Златко Теодосиевски*





## *ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:*

*1973, Скопје, Работнички дом.*

*1977, Приштина, Филозофски факултет, »Млади ствараоци«.*

*1978, Приштина, Филозофски факултет, »85 години од раѓањето на другарот Тито и 40 години на чело на СКЈ«.*

*1978, Приштина, Дом ЈНА, група »МЛАДИ«.*

*1977, Приштина, Омладински дом »Боро и Рамиз«, »Дан младости«.*

*1977, Нови Београд, Студентски град, »Ликовна академија — Приштина«.*

*1981, Нови Сад, Српско народно позориште — Нови Сад.*

*1982, Скопје, »Млада генерација IV«.*

## *»ПРИВЛЕЧНОСТА НА НАДВОРЕШНИОТ СВЕТ«*

*»Привлечноста на надворешниот свет буди во мене сила која е толку опфатна да се растргнувам без граници .... впиен, изгубен во многу реткости, во бесконечноста на сознанијата и неисцрпните ситници на периферниот свет.«*

*Хенри — Фредерик Амиел: 1854*



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | *СКУЛПТУРА* | „100-P", | дрво и метал | 40 x 30 | 1980 |
| 2. | *СКУЛПТУРА* | „101-B", | „ | 40 x 30 | 1981 |
| 3. | *СКУЛПТУРА* | „131-R", | „ | 33 x 22 | 1982 |
| 4. | *СКУЛПТУРА* | „134-G", | „ | 40 x 29 | 1982 |
| 5. | *СКУЛПТУРА* | „105-AP", | дрво | 34 x 22 | 1981 |
| 6. | *СКУЛПТУРА* | „140-BB", | „ | 25 x 25 | 1983 |
| 7. | *СКУЛПТУРА* | „1000", | „ | 38 x 44 | 1983 |
| 8. | *СКУЛПТУРА* | „920-CB", | „ | 46 x 46 | 1982 |
| 9. | *СКУЛПТУРА* | „109-C", | дрво и метал | 40 x 30 | 1983 |
| 10. | *СКУЛПТУРА* | „132-O", | „ | 32 x 32 | 1981 |
| 11. | *СКУЛПТУРА* | „2000-S", | метал | 80 x 63 | 1983 |
| 12. | *СКУЛПТУРА* | „2003-S", | „ | 40 x 36 | 1983 |
| 13. | *СКУЛПТУРА* | „2007-S", | „ | 40 x 32 | 1983 |
| 14. | *СКУЛПТУРА* | „2009-S", | „ | 38 x 21 | 1982 |
| 15. | *СКУЛПТУРА* | „137-M", | дрво и метал | 35 x 30 | 1981 |
| 16. | *СКУЛПТУРА* | „138-B", | „ | 32 x 17 | 1983 |
| 17. | *СКУЛПТУРА* | „109-E", | дрво | 30 x 26 | 1982 |
| 18. | *СКУЛПТУРА* | „301-J", | „ | 35 x 42 | 1982 |
| 19. | *СКУЛПТУРА* | „1001-X", | „ | 30 x 31 | 1982 |
| 20. | *СКУЛПТУРА* | „110-E", | „ | 30 x 26 | 1982 |
| 21. | *СКУЛПТУРА* | „2010-S", | метал | 40 x 20 | 1982 |
| 22. | *СКУЛПТУРА* | „2011-S", | „ | 40 x 23 | 1982 |

**Организатор:**
**Центар за култура и информации — Скопје**
**Печат: „Стопански весник" — Скопје**
**Тираж: 400 примероци**
**Изложбен салон I на Центарот**